**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403- 581/4**

**Скопје, 16.12. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Демир Капија за 2007 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Демир Капија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :
- Тодор Тошевски, градоначалник на општина Демир Капија во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 23.07.2008 до 01.08.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Во 2006 и 2007 година, општина Демир Капија има издадено под закуп деловен простор на здруженија на граѓани и правно лице, без да спроведе постапка на јавно наддавање, што е спротивно на Законот за локална самоуправа. Деловниот простор на здруженијата на граѓани е издаден без надомест. Склучени се договори со рок на важност од две и пет години, со обврска закупците да извршат одредени градежни работи во објектите предмет на закуп во функција на реновирање на истите. На ревизијата не и беа презентирани докази за извршените вложувања.
Неспроведувањето на постапките за јавно наддавање согласно законските прописи создава можност за фаворизирање на одредена фирма/физичко лице, ја спречува конкуренцијата и придонесува за остварување на помали приходи.

**Препорака:**
Градоначалникот да предложи а Советот на општината да даносе акт за издавање под закуп на недвижностите, по пат на јавно наддавање, со можност за учество на повеќе заинтересирани субјекти во функција на поголема транспарентност и остварување на повисоки приходи.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во 2007 година не е донесен ребаланс на буџетот на Општина Демир Капија, иако планираните приходи за 2007 година се остварени со процент од 37,70%, а расходите со процент од 33,34%. Согласно Законот за буџетите доколку отстапувањето од планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината до советот на општината. Ефектот од недонесувањето ребаланс на буџетот е неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи за 2007 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

**10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на приходи и расходи**

10.3.1 Во текот на 2007 година дел од наплатата на приходите, односно плаќањето на расходите на Општина Демир Капија во износ од 3.207 илјади денари е извршено

преку компензации и цесии кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Согласно буџетското начело за парично искажување на приходите и расходите, поради неевидентиран прилив и одлив на парични средства на сметката на Буџетот на Општината, овие плаќања не се искажани во Билансот на приходи и расходи, што влијае приходите и расходите реално да се искажани во помал износ.
Во книговодството за цесиите и компензациите се спроведени евиденции само на сметките за обврски спрема добавувачите и активни временски разграничувања.
Причина за овие состојби е блокадата на сметката на општина Демир Капија, а со цел наменски да бидат искористени средствата добиени од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја на Република Македонија и Фондот за води на Република Македонија.

**Препорака:**
Плаќањата извршени преку компензации, цесии и слично задолжително да се реализираат преку платниот промет на трезорскиот систем.

10.3.2. Општина Демир Капија базата на податоци за данокот на имот ја има преземено во декември 2006 година од Управата за јавни приходи и истата не е ажурирана. Во текот на 2007 и 2008 година започнати се активности за ажурирање во однос на реалноста на постојните податоци - репроценка на имотот и внес на нови даночни обврзници (останато е уште едно населено место). Неажурираниот регистар придонесува да се нема точен увид за даночните обврзници по основ на данок на имот и влијае на висината на остварените приходи по овој основ.
Не е извршено усогласување на податоците од регистарот на недвижен имот на општината со податоците на Државниот завод за геодетски работи, што се одразува на комплетноста на податоците.
Регистарот на недвижен имот не е доставен до Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи до 31 декември 2007 година.
Заради поуспешно и поефикасно извршување на надлежностите во обласа на финансиско сметководствените работи и утврдување и наплата на даноците основано е заедничко административно тело во октомври 2007 година за општините Неготино и Демир Капија, истото сеуште не отпочнало да функционира.

10.3.3. Регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма за 2007 година не е усогласен со податоците од Централниот регистар на Република Македонија што е спротивно на Законот за комуналните такси. Некомплетноста на податоците влијае на комплетноста на приходите.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Демир Капија да донесе пишани процедури:

- во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, при утврдувањето и контролата на пресметките за утврдување на даноци на имот и даноци на специфични услуги;
- за текот на документацијата од евидентирање на даночната пријава/барање во архивата на општината до сметководственото евидентирање на побарувањата, наплатата и нивното искажување во финансиските извештаи;

Заедничкото административно тело:

- да се изврши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот и комунална такса за истакната фирма, со податоците на Државниот завод за геодетски работи и со податоците од Централниот регистар на Република Македонија;

- регистарот на недвижен имот да се доставува до Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи до 31 декември тековната година.

**11.1. Корекции кај Билансот на состојба**

11.1.1. Позициите Побарувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31 декември 2007 година се зголемини за вкупен износ од 4.272 илјади денари за неевиденитраните побарувања по основ на:

- данок на имот, износ од 1.456 илјади денари;
- комунална такса за истакнување на фирма, износ и 2.766 илјади денари и
- закуп на деловен простор, износ 50 илјади денари

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. и 10.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Демир Капија на ден 31 декември 2007 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на органот на Општина Демир Капија.

**Скопје, 05.12.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3,1 | 1.742 | 1.040 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 167 | 135 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 7.584 | 6.558 |
| **Вкупно приходи** | | **9.493** | **7.733** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 3.139 | 4.037 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 969 | 1.278 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3. | 3.956 | 454 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **8.064** | **5.769** |
| **Капитални расходи** | **3.5.** | **332** | **1.765** |
| **Вкупно расходи** | | **8.396** | **7.534** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.097** | **199** |

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2007 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 1.097 | 199 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.097** | **199** |
| **Вкупна актива** | | **1.097** | **199** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.097 | 199 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.097** | **199** |
| **Вкупна пасива** | | **1.097** | **199** |